**ВРЗ ГОЛЕМИНАТА НА ТРОШОКОТ ЗА ГРЕЕЊЕ ВЛИЈААТ ДВА ФАКТОРА :**

1. **ЦЕНАТА НА ТОПЛИНСКА ЕНЕРГИЈА, КАДЕ ДОМИНАНТНО ВЛИЈАНИЕ ИМА ПОКАЧУВАЊЕТО НА ЦЕНАТА НА ЕНЕРГЕНТИТЕ (ПРИРОДНИОТ ГАС И МАЗУТОТ),**

2. **ПОТРОШУВАЧКАТА НА ТОПЛИНСКА ЕНЕРГИЈА НА НИВО НА ОБЈЕКТ ВО ТЕКОТ НА ГРЕЈНАТА СЕЗОНА.**

**ФАКТОРИ КОИ ВЛИЈААТ НА ЗГОЛЕМУВАЊЕ НА ПОТРОШУВАЧКАТА НА ТОПЛИНСКА ЕНЕРГИЈА НА НИВО НА ОБЈЕКТ :**

- **ЛОШИ ТЕРМИЧКИ КАРАКТЕРИСТИКИ НА ОБЈЕКТИТЕ.**
ПОВЕЌЕТО ОД ОБЈЕКТИТЕ СЕ ГРАДЕНИ ВО ВРЕМЕ КОГА НЕМАЛО ТЕХНИЧКИ СТАНДАРДИ ЗА ТЕРМО ИЗОЛАЦИЈА , ПРЕТЕЖНО СО БЕТОН И ЛОША СТОЛАРИЈА.
ВО ТАБЕЛАТА Е ДАДЕН ПРИМЕР ЗА ЦЕНА ПО М2 КАЈ ДОБРО ИЗОЛИРАН ОБЈЕКТ (НОВОГРАДБА) И КАЈ ПОСТАР ОБЈЕКТ ,СО ЛОШИ ТЕРМИЧИ КАРАКТЕРИСТИКИ.

| Тип на објект | Објект | Цена ден/м2 |
|---|---|---|
| Објект новоградба со термичка изолација | В.С.Бато 12 | 39 |
| Стар објект со лоши термички карактеристики | Т.Караџа 16 | 68 |

ОД ТАБЕЛАТА МОЖЕ ДА СЕ ЗАКЛУЧИ ДЕКА ЦЕНАТА ЗА ГРЕЕЊЕ СВЕДЕНА ПО М2 КАЈ ДОБРО ИЗОЛИРАНИОТ ОБЈЕКТ Е ДОСТА ПОМАЛА,ВО ОДНОС НА ОБЈЕКТОТ СО ЛОШИ ТЕРМИЧКИ КАРАКТЕРИСТИКИ.

- **ВРЕМЕНСКИТЕ УСЛОВИ ,ОДНОСНО КЛИМАТА**
ДО КОЛКУ ВРЕМЕНСКИТЕ УСЛОВИ , ОДНОСНО КЛИМАТА Е ПОЛАДНА ВО ОДНОС НА ПРОГНОЗИРАНАТА СПОРЕД КОЈ РЕГУЛАТОРНАТА КОМИСИЈА ГО ПРЕСМЕТУВА ТРОШОКОТ ЗА ГОРИВО,ТОГАШ И ТРОШОКОТ ЗА ГРЕЕЊЕ СЕ ЗГОЛЕМУВА. ОВАА ИНФОРМАЦИЈА МОЖЕ ДА ЈА НАЈДЕТЕ НА ВЕБ СТРАНАТА НА СНАБДУВАЊЕ ИСТОК ВО БРОШУРАТА СО НАСЛОВ **“ВАШИОТ СНАБДУВАЧ**”, ВО МЕНИ ИНФОРМАЦИИ ЗА ПОТРОШУВАЧИТЕ.

- **ГОЛЕМ БРОЈ НА ИСКЛУЧЕНИ ПОТРОШУВАЧИ**.
КОГА БРОЈОТ НА ИСКЛУЧЕНИ СТАНОВИ Е НАД 50%, ПОТРОШУВАЧКАТА НА ТОПЛИНСКА ЕНЕРГИЈА НА ОБЈЕКТОТ СВЕДЕНА ПО М2 ЗАГРЕВНА ПОВРШИНА НА ПОТРОШУВАЧИТЕ ШТО ОСТАНАЛЕ ДА СЕ ГРЕАТ И КОИ ГРАНИЧАТ СО ИСКЛУЧЕНИТЕ ПОТРОШУВАЧИ , ДРАСТИЧНО СЕ ЗГОЛЕМУВА,А ФАКТУРАТА ЗА ГРЕЕЊЕ МОЖЕ ДА СЕ ЗГОЛЕМИ И ДО 50%. ОВАА ИНФОРМАЦИЈА СО НАСЛОВ **“ВЛИЈАНИЕ НА ИСКЛУЧЕНИ ПОТРОШУВАЧИ**”МОЖЕ ДА ЈА НАЈДЕТЕ НА ВЕБ СТРАНАТА НА СНАБДУВАЊЕ ИСТОК

- **ДИВО ПРИКЛУЧЕНИ ПОТРОШУВАЧИ, ДОГРАДБИ, НАДГРАДБИ, ДОДАДЕНИ ГРЕЈНИ ТЕЛА, БОЈЛЕРИ**.
ДОКОЛКУ НА ЕДНО МЕРНО МЕСТО ИМА ДИВОПРИКЛУЧЕНИ ПОТРОШУВАЧИ, ДОГРАДБИ, НАДГРАДБИ,ДОДАДЕНИ ГРЕЈНИ ТЕЛА И БОЈЛЕРИ ИСТИТЕ ЈА ЗГОЛЕМУВААТ ПОТРОШУВАЧКАТА НА ТОПЛИНСКА ЕНЕРГИЈА НА ОБЈЕКТОТ, ОДНОСНО НА АКТИВНИТЕ ПОТРОШУВАЧИ. ДОКОЛКУ ПОСТОИ ОСНОВАН СОМНЕЖ ЗА ВАКВО НЕШТО, ПОТРОШУВАЧИТЕ ПРЕКУ ОВЛАСТЕНОТО ЛИЦЕ НА ЗАЕДНИЦАТА НА СОПСТВЕНИЦИ ,СЕ ДОЛЖНИ ДА ГО ПРИЈАВАТ СЛУЧАЈОТ , СО ПИСМЕН ДОПИС ДО СНАБДУВАЧОТ. ОВАА ИНФОРМАЦИЈА СО НАСЛОВ **“ВЛИЈАНИЕ НА ДИВО ПРИКЛУЧЕНИ ПОТРОШУВАЧИ** ”МОЖЕ ДА ЈА НАЈДЕТЕ НА ВЕБ СТРАНАТА НА СНАБДУВАЊЕ ИСТОК

- **ПРЕГРЕВАЊЕТО НА ОБЈЕКТОТ**.
ПОВИСОКИ ТЕМПЕРАТУРИ НА ЗАГРЕАНОСТ НА ВОЗДУХОТ ОД ВООБИЧАЕНИТЕ( НАД 20ºС )ЗНАЧИ ПОГОЛЕМА ПОТРОШУВАЧКА НА ТОПЛИНСКА ЕНЕРГИЈА НА НИВО НА ОБЈЕКТ. ЕДЕН СТЕПЕН ПОГОЛЕМА ВНАТРЕШНА ТЕМПАРАТУРА ЗНАЧИ ПОГОЛЕМА ФАКТУРА ЗА 6 % НА ГОДИШНО НИВО.ВО ТАКОВ СЛУЧАЈ ПОТРОШУВАЧОТ Е ДОЛЖЕН ДА ПРИЈАВИ ,ДОКОЛКУ ИМА ПРЕГРЕВАЊЕ НА ОБЈЕКТОТ, НА **ТЕЛ 3 076 200**. ОВАА ИНФОРМАЦИЈА МОЖЕ ДА ЈА НАЈДЕТЕ НА ВЕБ СТРАНАТА НА СНАБДУВАЊЕ ВО **БРОШУРАТА СО НАСЛОВ “ВАШИОТ СНАБДУВАЧ”, ВО МЕНИ ИНФОРМАЦИИ ЗА ПОТРОШУВАЧИТЕ.**

СНАБДУВАЊЕ ИСТОК , ОЧЕКУВА ГОЛЕМА ПОМОШ ОД СТРАНА НА ПРЕТСЕДАТЕЛИТЕ НА ЗАЕДНИЦА НА СОПСТВЕНИЦИ, ВО КОИ ГЛЕДА СТРАТЕГИСКИ ПАРТНЕР ВО НАДМИНУВАЊЕТО И РЕШАВАЊЕТО НА СИТЕ ПРОБЛЕМИ ПОВРЗАНИ СО СНАБДУВАЊЕТО НА ТОПЛИНСКА ЕНЕРГИЈА, КАКО И ФАКТОТ ДЕКА САМО СО ВЗАЕМНА СОРАБОТКА И ДОВЕРБА НА ДВЕТЕ ЗАЕНТЕРЕСИРАНИ СТРАНИ ЌЕ МОЖЕ ДА СЕ ПОДИГНЕ КВАЛИТЕТОТ НА НАШАТА УСЛУГА ,ЗА ШТО ОДНАПРЕД ВИ СЕ ЗАБЛАГОДАРУВАМЕ.